## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 23 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,40 часот.

Со продолжението на седницата претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска, Илија Лазаров и Милан Ставрев ме известија, дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски.

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Претседателот на Државната изборна комисија.

Оваа седница ја свикав по барање на претседателот на Владата на Република Македонија, заради разгледување на Предлогот за разрешување на членови на Владата на Република Македонија и Предлогот за разрешување на заменици министри на Владата на Република Македонија.

Молам службите да го повикуваат претседателот на Владата на Република Македонија да влезе во салата.

(Претседателот на Владата на Република Македонија господинот Љубчо Георгиевски во придружба на некои пратеници, влегува во салата)

Координаторот на претеничката група на СДСМ Никола Поповски предлага дневниот ред да Се дополни со оставки на членови на Владата на Република Македонија.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 91 пратеник.

"За"гласале 35 пратеници.

"Воздржано" гласале 6 пратеници.

"Против" гласале 50 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Реакција од пратениците, за што гласаме?)

Ве молам концентрирајте се, работиме сега.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратенци.

"За" гласале 61 пратеници.

"Воздржано" гласале 12 пратеници.

"Против" гласале 11 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За оваа седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Верификација на мандат на претеник во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Македонија и

3. Предлог за разрешување на заменици министри во Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 92 пратенци.

"За" гласале 77 пратеници.

"Воздржано" гласале 10 пратеници.

"Против" гласале 5 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Верификација на мандат на претеник во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

**ГОРАН НЕВЕНОВСКИ:**

Господине претседателе,

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања одржа седница на 16 овој месец по повод Извештајот од Државната изборна комисија согласно член 101 за преземените работи, за престанок на мандатот пред време на пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Комисијата му предлага на Собранието да го верифицира мандатот на пратеникот по пропорционалниот систем, Рената Керпичоска-Бошеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали ндкој друг бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој Не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извдштајот и Предлогот на Комисијата за деловоднички и мандатно-имунитетни прашања.

Ве молам да гласаме по Извештајот и Предлогот.

За Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања вкупно гласале 94 пратеници.

"За" гласале 89 пратеници.

"Воздржано" гласал9 5 пратеници.

"Против" не гласал никој.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и Д9ка со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Рената Керпичоска-Бошеска.

На госпоѓа Рената Керпичоска-Бошеска и го честитам изборот на мандатот и и пожелувам успех во работата.

Минуваме на точката 2 - Предлог за разрешување на членови на Владата на Република Макддонија.

Пр9длог за разрешување на членови на Владата на Република Македонија ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор претседателот на Владата господин Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Од прес конференција на лидерот на СДСМ односно блокот на партии кои учествуваа со една третина во Владата на Република Македонија, бев запознат дека СДСМ и ЛДП донеле одлука да се повлечат од Владата на Република Македонија, со што веднаш бев принуден како премиер на Владата да поднесам предлог за разрешување на нивните министри, а во текот на вчерашниот ден добив и формални оставки од страна на министрите на истите партии.

Во таа насока јас уште еднаш би сакал да го дадам моето образложение за разрешувањето на овие министри, при што би се задржал на причините и мотивите затоа што сметам дека некои причини и мотиви беа на некој необичен начин протолкувани.

Имено, ние чувме дека главната причина за влегувањето на овие партии во владината коалиција биле да се спаси Македонија и да се смират воените дејствија и главните причини за излегување од таа владина коалиција е фактот дека тие оцениле дека кризата е смирена, Македонија е спасена и така сега може слободно да се излезе од владината коалиција. При тоа, јас само уште еднаш би сакал да потсетам дека влегувањето на овој блок на партии во Владата на Република Македонија беше по пат на ултиматум, да не заборавиме чисто. Ќе ве потсетам дека некаде после тетовската операција, претседателот на СДСМ излезе со ултиматум до премиерот на Владата на Република Македонија дека во рок од неколку дена ако не прифати разговор за широка или голема коалиција, тој ќе направи огромни демонстрации во Република Македонија и ако треба со сила ќе ја сруши Владата на Република Македонија. Како премиер на Владата веднаш другиот ден излегов со образложение дека за прв пат во животот прифаќам ултиматум и тоа од страна на лидерот на опозицијата, господинот Црвенковски да разговарам за таа голема коалиција, од едноставна причина што сметам дека ќе ни беше премногу да се бориме и против екстремистите и терористите од една страна и против сопствената македонска опозиција, која најавуваше огромни демонстрации во тоа време. Да Не заборам, критиките во тоа време на Владата на Република Македонија беа дека недоволно цврсто се бори против терористите, дека недоволно пука против терористите и дека многу бавно ги прави операциите. Тоа беа критиките зошто се побара со сила влегување на СДСМ и неговите коалициони партнери во тогашната Влада на Република Македонија.

Значи, да расчистиме една работа. Влегувањето на СДСМ во оваа Влада беше со ултиматум на сила кој јас реков дека го прифаќам тој ултиматум на сила. Ако влегувањето беше со сила, тогаш сигурно нивното излегување Не може никој да го спречи, затоа што нашиот народ вели "некој може да ти Земе нешто со сила, меѓутоа не може да ти даде со сила" и мислам дека волјата да се излезе од оваа владина коалиција е неспорна. Оној кој сака да излезе од оваа владина коалиција може слободно да излезе и сигурно дека би било проблем ако сакаме ние да му попречиме на тој што сака да излезе од владината коалиција, да го направи тој чекор. М9ѓутоа, јас би ссе задржал посебно на причините за изготвување од оваа владина коалиција во овој момент.

Прво, не е тајна Дека оваа владина коалиција Не беше коалиција на љубов. Таа беше коалиција на интерес да Се помогне на Македонија и во таа насока освдн причините кои постојано ги слушаме, значи откако господинот Бранко Црвенковски уште еднаш ни објасни колку е тој поштен, а сите други се криминалци, ја кажа главната Теза, а тоа е Дека причините за кризата во Република Македонија Се надминати и безбедносната ситуација сега е во една нормална состојба и тие можат мирно да Се повлечат од Владата на Република Македонија. Со тоа, јас само сакам уште еднаш да потенцирам почитувани пратеници ддка Се даде најсилното оружјд во рацете на онид екстремисти кои што навистина ја потпалија Македонија прдд околу 10 месеци, кризата и причините за кризата во Република

Македонија е Уставот на Република Македонија, затоа што со образложението што можевме да го дивиме од лидерот на оваа партија, а подоцна и во оставките тоа провејува, е јасно Дека причините се надминати и нид не направивме ништо друго, освен она што го сменивме Уставот на Република Македонија. Незнам зошто оваа партија има потреба на овој начин да даде алиби на целиот овој екстремизам, односно на сите овие конфронтации што се случува во минатиот период, мдѓутоа тоа е нивна партиска проценка, тоа е нивна политичка проценка и јас не можам да се мешам во нивните политички проценки.

Вториот момент кој сакам посебно да го назначам е дека сега ситуација во Република Македонија е комплетно нормализирана, безбедна, а и тие можат мирно да се повлечат.

Почитувани пратеници,

Јас само можам да спомнам кшколку работи што *се* очигледни за сите нас, а тоа е дека ние исполнивме само еден Дел од Рамковниот договор, а тоа е делот на промената на Уставот на Република Македонија. Покрај тоа што има уште Некои закони што треба да се донесат, за кои јас можам да оценам Дека не се многу крупни залаци во поглед на она што се случи со Уставот, Не смееме да заборавиме една работа. Оној дел што требаше да го до6ие Република Македонија воопшто Не е ни почнат да се остварува. Во истиот тој Рамковен договор има многу јасен дел каде што постои реинтеграција на територијата и враќање на бегалците во своите домови и конечно безбедност, мир и сигурност за сите граѓани во Република Македонија.

Во таа насока, јас навистина Немам друг коментар освен овој чин да го протолкувам како ставање на цедило на Република Македонија и институциите кои имаат намдра да продолжат да го доостварат, односно да го доисполнат Рамковниот договор во Република Македонија, меѓутоа Сега сигурно во една сосема друга сфера, а тоа е сферата кја токму Сега ја спомнав - реинтеграција на територијата на Република Македонија за враќање на бегалците во нивните домови и конечно сигурност на граѓаните кои живеат во загрозените подрачја. Во таа насока, таа аргументација е многу јасна и ќе го цитирам и последното наоѓање на Кризниот комитет на Владата на Република Македонија каде што има јасна програма дека во наредните 55 дена треба да се оствари планот за реинтеграција на територијата. 55 дена е претпоставувам оптимистичко сценарио затоа што ние како што знаеме ниеден рок не се исполни во Република Македонија и јас тука можам да го изразам малиот благ оптимизам дека и во најидеална ситуација ние за 55 дена ќе стигнеме да ја оствариме огромната цел, а тоа е реинтеграцијата на територијата на Република Македонија.

Не е спорно дека со овој чин на излегување на СДСМ и ЛДП од Владата на Република Македонија се создава една прекрасна шанса, СДСМ да си направи еден добар рејтинг, затоа што сите знаеме дека во наредните 2-3 месеци не можат да се случат чуда на економски план, уште помалку можат да се случат на политички план, а ќе бидеме среќни ако се случат чуда на безбедносен план. Значи, не е јасно прочитливо намерата со овој потег дека ќе се добие една многу елегантна и чиста позиција од страна на опозиција да се сведат сите маки на оние кои ќе останат понатаму да ја водат Република Македонија и од тој аспект сигурно во наредните три месеци СДСМ ќе може да жнее добри маркетиншки поени, меѓутоа, сите мораме заеднички да констастираме дека денеска пред Република Македонија со излегувањето на оваа партија од Владата и се остава еден жежок костен и еден жежок жар во рацете, јас не би рекол дека тој жежок жар не е само во рацете на Владата на Република Македонија, не е ниту во рацете на Парламентот, туку е во рацете буквално на Република Македонија и сите нејзини граѓани, затоа што навистина сега треба да се извлечат потези со кои ќе се планираат, јас би рекол Македонија. Да им се заблагодарам за овие културни, колегијални писма што ги добивма во оставкита од страна на министрите, само би споменал адна работа, за да нема шпекулација.

Најодговорно тврдам дека откако влегоа министрите во новата Влада на Република Македонија, а беа претставници на третиот блок на учесници во Владата на Република Македонија, во сите овие месеци наназад им дадов комплетна слобода за остварувања на нивните програми и идеи.

Во овие неколку месеци наназад, повеќе од половина година ако не се лажам, сите министри имаа неограничена слобода за она што сметаат дека треба да го прават или да не го прават во нивните ресори. Ако некој мисли дека бил нешто ограничен, јас би сакал сега да го чујам тоа, за да нема понатаму некакви забуни. Значи, уште еднаш ќе повторам. Сите министри кои участвуваа во Владата на Република Македонија имаа неограничена слобода да работат или да не работат во ресорита кои тие ги поседуваа од своја страна. Токму во таа насока јас на крајот не би ја коментирал пооделно работата на секој министер, кажав неколку збора за политиката на партијата, која пратпоставувам дека е креирана од лидерот на нивната политичка партија. Уште еднаш на крајот сметам дека оваа Влада не беше Влада од љубов, беше Владата заради интересита на Република Македонија. Ќе ја дадам уште еднаш мојата проценка дека а ова детски потез, буквално детски потез, во кој

навистина не можам да сфатам никаква сериозност на политичките одлуки, еднаш ќе ја рушат државата, затоа што не влегле во Владата, друг пат ја оставаат државата на цедило, затоа што сакаат да излезат од Владата на Република Македонија. Ваквата насериозност во политиката не можам да сфатам, меѓутоа, ако има простор кај СДСМ јас ќе искажам уште еднаш спремност и подготвеност - сметам дака тие и покрај тоа што дадоа намара да излезат од оваа Влада, овде отворено би ги замолил пред сите вас пратеници, да ја повлечат оваа одлука, да размислат уште малку, да се вратат во Владата, да се договориме за еден разумен термин за овие непромислени потези.

Конечно, тоа е за политиката. За самите оставки на министрите не би ја коментирал работата на министрите во Владата на Република предвремени избори кои би се случила некаде авентуално веднаш после овие 55 дена на реинтеграцијата на територијата и на тој начин уште аднаш да потврдима дека сите знаема да оцениме што е државан интерес на Република Македонија и како да се однасуваме во најтешкото време за Република Македонија.

Благодарам.

(Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање, ве известувам Дека разрешувањето на членови на Владата се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Предлогот Владо Бучковски да биде разрешен од функцијата министер за одбрана го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 93 пратеници, од кои 78 за, 11 воздржано и 4 против.

Констатирам Дека Владо Бучковски е разрешен од функцијата министер за одбрана.

Предлогот за разрешување на Илинка Митрева од функцијата министер за надворешни работи го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 95 пратеници, од кои 79 за, 12 воздржано и 4 против.

Констатирам Дека Илинка Митрева е разрешена од функцијата министер за надворешни работи.

Предлогот за разрешување на Петар Милошевски од функцијата министер за здравство го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 94 пратеници, од кои 73 за, 14 воздржано и 7 против.

Констатирам Дека Петар Милошевски е разрешен од функцијата министер за здравство.

Предлогот за разрешување на Илија Филиповски од функцијата министер без ресор го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 90 пратеници, од кои 75 за, 10 воздржано и 5 против.

Констатирам Дека Илија Филиповски е разрешен од функцијата министер без ресор.

Минуваме на Третата точка од дневниот ред - Предлог за разрешување на заменици министри во Владата на Република Македонија.

Прддлогот за разрешување на заменици министри во Владата на Република Македонија Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој Не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да премине Ме на гласање, Ве известувам дека разрешување на заменици министри во Владата на Република Македонија Се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Предлогот за разрешување на Зоран Витанов од функцијата заменик министер во Министдрството за економија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 93 пратеници, од кои 78 за, 8 воздржано и 7 против.

Констатирам Дека Зоран Витанов е разрешен од функцијата заменик министер во Министерството за економија.

Предлогот за разрешување на Елеонора Петрова Митевска од функцијата заменик министер во Министерството за култура го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 90 пратеници, од кои 80 за, 6 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Елеонора Петрова Митевска е разреШена од функцијата заменик министер во Министерството за култура.

Предлогот за разрешување на Томе Тромбев од функцијата заменик министер во Министерството за транспорт и врски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласање 87 пратеници, од кои 76 за, 5 воздржано и 6 против.

Констатирам Дека Томе Тромбев е разрешен од функцијата заменик министер во Министерството за транспорт и врски.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Деведесет и втората седница на Собрание на Република Македонија.

(Седницата заврши во 13.10 часот).